РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02 - 88/4
29.07. 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.20 став 1 алинеја 9 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. весник на РМ бр.63 од 22 мај 2007),член 4 став 1 алинеја 16 и член 8 став 2 од Одлуките за основање на Центар за развој на Скопски плански регион, член 2 став 1 алинеја 12 од Деловник за работа на Советот за развој, на XVII-тата Седница на Советот за развој одржана на 29.07.2020 година, ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**
## **За усвојување на Правилник за внатрешна организација на Центар за развој на Скопски плански регион (пречистен текст со измена и дополна)**

Член 1

Се усвојува Правилник за внатрешна организација на Центар за развој на Скопски плански регион (пречистен текст со измена и дополна).

Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на формирање на Влада на РСМ.

Член 3

Во прилог на оваа одлука е Правилникот за внатрешна организација на Центар за развој на Скопски плански регион (пречистен текст со измена и дополна) кој стапува на сила со формирање на Влада на РСМ.

Скопје,29.07.2020 година

Совет за развој на Скопски
плански регион - Скопје,
**Претседател,**
Борис Георгиевски

(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на Скопски плански регион
СКОПЈЕ

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Центар за развој на Скопски плански регион

# П Р А В И Л Н И К

## за внатрешна организација на

## Центар за развој на скопски плански регион
## (пречистен текст со измена и дополна)

**29.07.2020г, Скопје**

Ул. Димитрие Чуповски бр. 13, Стопанска комора на Македонија I кат.
Тел: 02/3 244-033; 3 244-036
Емаил: contact@skopjeregion.gov.mk / www.skopjeregion.gov.mk

Врз основа на член 8 од Одлуките за основање на Центарот за развој на Скопски плански регион, Советот за развој на Скопски плански регион на XVII седница одржана на 29.07.2020 година, донесе

# ПРАВИЛНИК

за внатрешна организација на
Центар за развој на Скопски плански регион
(пречистен текст со измена и дополна)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува внатрешната организација на Центар за развој на Скопски плански регион (во натамошен текст: Центарот или ЦРСПР), видот и бројот на организационите единици, нивниот делокруг на работа, меѓусебни односи, начини и форми на раководење со нивните надлежности и одговорности.

Графичкиот приказ на внатрешната организација на Центарот (органограм) е даден во Прилог бр.1 и е составен дел од овој правилник.

Член 2

Внатрешната организација на Центарот е определена согласно надлежностите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој, Законот за локална самоуправа, Законот за работни односи.

Работите и задачите се групираат според видот, обемот, одговорноста, сложеноста, нивната меѓусебна поврзаност и другите карактеристики потребни за нивно извршување.

Член 3

Внатрешната организација на Центарот обезбедува законито, стручно, ефикасно, ефективно и економично вршење на работите и задачите утврдени со закон; насоченост кон корисниците на услугите; независност и одговоснот при вршење на службените задачи; делегирање на овластувањата и внатрешна координација и успешно раководење со организационите единици и Центарот како целина.

Член 4

Хиерархиска поставеност на Центарот е утврдена на следните нивоа:

1. Раководител на Центарот
2. Одделенија

## II.ВИД И БРОЈ НА ОРГАНИЗАЦИСКИ ЕДИНИЦИ

Член 5

Работите и задачите во Центарот се вршат преку следните организациони единици:

- Одделенија

Член 6

Заради остварување на законските надлежности, како и заради извршување на правни, материјални, финансиски, административни и други работи, во Центарот се основаат следните организациони единици:

1. Одделение за општи и административни работи, финансии, јавни набавки и помошно технички работи
   -Дел за административни работи
   -Дел за помошно технички работи
2. Одделение за меѓуопштинска соработка и рамномерен регионален развој
3. Одделение за имплементација на проекти и меѓунаронда соработка
4. Одделение за поддршка и соработка со бизнис заедницата, граѓански сектор и други институции

## III. ДЕЛОКРУГ НА РАБОТА НА ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ ЕДИНИЦИ

### 1. Одделение за општи и административни работи, финансии, јавни набавки и помошно технички работи

Член 7

Одделението е надлежно за обезбедување на сите административни-правни, финансиски и помошни работи потребни за квалиетно извршување на работите на Центарот.

1.1.Дел за административни општи, прави финансиски, јавни набавки

- извршување на нормативно–правни, кадровски активности и управување со човечки ресурси пропишани со закон;
- извршување на финансиски, сметководствени и материјални работи согласно законските прописи;
- извршување на работи од јавна внатрешна финансиска контрола согласно закон;
- заштита, чување, обработка и користење на архивскиот материјал согласно закон;
-во оддржување на информатичко-комуникациска опрема и грижа за функционалноста на опремата и програмите за работа;
- спроведување на постапка за доделување на договори за јавни набавки согласно закон;
- подготовка на анализи, истажувања, планови, програми и извештаи, со цел утврдување на актуелните состојби и унапредување на услугите за рамномерен регионален развој на подрачјето на кое дејствува Центарот, како и
- вршење на други работи од административна природа.

**1.2.Дел за помошно технички работи**

Член 8

Под помошно-технички работи се смета извршување на работи кои се дел од логистичка природа во кои спаѓаат:

- Хигиена и оддржување на просториите
- Превоз за потребите на Центарот
- Достава на материјали и писмена
- Вршење на други помошно – технички работи

## 2. Одделение за меѓуопштинска соработка и рамномерен регионален развој

Член 9

Во одделението се обезбедуваат услуги согласно Законот за рамномерен регионален развој, Програмата и Стратегијата за развој на планскиот регион, и е одговорна за квалитетно, ефикасно и навремено извршување на работите од нејзина надлежност, во рамки на Центарот

Во одделението се вршат следните работи и работни задачи:

- Учествува во изготвувањето на предлог-порграма и стратегија за развој на планскиот регион особено во областите на инфраструктурата, заштита на животната средина, користење на средствата од фондовите на ЕУ, стопанството, земјоделието, руралниот развој, туризмот, просторното и урбанистичкото планирање;
- Изготвува предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на планскиот регион и ги коодринира сите активности;
- Подготвува предлог-проекти за развој на планскиот регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- Обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на планскиот регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- Обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготвувањето на нивните Програми за развој;
- Обезбедува стручни услуги за здруженијата на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од обласа на регионалниот развој;
- Ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот регион;
- Спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската Унија и други меѓунарони извори;
- Врши промоција на развојните можности на планскиот регион;
- Подготвува годишен извештај за своето работење и истиот го доставува до Советот за развој на скопски плански регион и Советите на единиците на локалната самоуправа во состав на планскиот регион;
- Врши стручни и административни работи за потребите на Советот за развој на Скопски плански регион;

## 3. Одделение за имплементација на проекти и меѓунароnда соработка

Член 10

Одделението е надлежно за поттикнување на регионалниот развој и меѓународна соработка, како и учество на проекти финансирани од меѓународни и странски донатори, како и е одговорна за квалитетно, ефикасно и навремено извршување на работите од нејзина надлежност, во рамки на Центарот.

Во одделението се вршат следните работи и работни задачи:

- Ги следи меѓународните прописи и искуства и се грижи за нивна примена на полето на регионалниот развој и обезбедува соработка и учество на претставниците на

меѓународната заедница во земјата и нивните здруженија и организации за креирање на стратешките и развојните документи за регионот.

- Учествува во поттикнување на развојот на планскиот регион и ја координира меѓуопштинската соработка во сите области опфатени со приоритетите на регионална програма со други институции во регионот за аплицирање на ИПА прекугранични програми, ЕУ фондови, програми на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, УНДП, УСАИД и други донатори во државата и меѓународна соработка;
- Работи на подготовка и промоција на аргументирани предлози пред Владата и Делегацијата на ЕУ за прашања од областа на образованието, промоција и спроведување на европските програми во областа на обуката и стручното образование на младите, спортот и здравството во Република Северна Македонија.
- Ги следи отворените повици и изработува документи и предлог проекти со целокупна пропратна документација и учествува со дополнителни активности во рамки на меѓународни програми со нивна реализација, и врши нивна дисеминација на информациите поврзани со програмите и проектите.
- Соработува со организации и институции за промоција на планскиот регион преку координирање на активности-промотивни (обуки, инфо денови за поддршка на општините) кои овоможуваат трансфер на знаење и информации, како и нивна имплементација, и дава подршка во подготовка на промоцијата на развојните можности на планскиот регион.
- Учествува во изготвувањето на предлог-програма и стратегија за развој на планскиот регион особено во областите на образование, трансфер на знаења, социјална инклузија, заштита на животната средина, користење на средствата од фондовите на ЕУ, земјоделието, руралниот развој, туризмот, здравство и сл.
- Овозможува синергија за унапредување на вештини и компетенции на ученици, студенти, наставници, професори обучувачи и друг персонал кој е вклучен во било кој дел од образовниот процес, претпријатија и други правни лица и организации од областа на индустријата, истражувачки центри и тела како и здруженија на граѓани и фондации за регионален развој и пренос на меѓународни искуства
- Го следи процесот на европска интеграција во рамките на регионалниот развој и институционален пристап во аплицирањето на меѓународни фондови, со цел пренесување на ефектите од стекнатото искуство и знаење од проекти што се пренесуваат на поширок круг на организации и институции во регионот
- Остварува контакти и соработка со домашни и странски и меѓународни организации, донатори и невладини организации, со давање на подршка во подготовка и реализирање на развојните проекти и врши промоција на развојните можности;
- Предлага мерки за унапредување на меѓународната соработка од областа на образованието, здравство, животна средина, социјална инклузија и сл.;

4. **Одделение за поддршка и соработка со бизнис заедницата, граѓански сектор и други инаституции**

Член 11

Одделението е надлежно за поттикнување на бизнис секторот, граѓанскиот сектор, образовните институции, донаторски организации владини и граѓански организции и други институции во планскиот регионален развој, и учество на проекти финансирани од

меѓународни и странски донатори, како и е одговорна за квалитетно, ефикасно и навремено извршување на работите од нејзина надлежност, во рамки на Центарот.

Во одделението се вршат следните работи и работни задачи:

- Ги следи законите и другите прописи од областа на регионалниот развој, бизнис опкружувањето и меѓународен развој и се грижи за нивна примена, како и ги следи меѓународните искуства на полето на регионалниот развој и поддршка во бизнис секторот и претприемништвото и неговиот еко систем при што обезбедува соработка со претставниците на меѓународната заедница во земјата и нивните здруженија и организации во креирањето на стратешките и развојните документи за регионот;
- Работи на подготовка на предлог-проекти и нивна имплементација од областа на планскиот регионален развој, претприемништвото, иновациите, туризмот, образованието, стручното и неформалното образование, општествената одговорност, занаетчиство, равој на земјоделството, животна средина, комунална инфраструктура, меѓуопштинска соработка, културен развој и културно наследство , поттикнување и развој на капацитетиите на малите и средните претпријатија и други развојни цели во Скопскиот плански регион, преку поврзување и зголемување на соработката помеѓу домашните и странските компании и создавање на стратешки партнерства;
- Работи на подготовка и промоција на аргументирани предлози пред Владата и Делегацијата на ЕУ за разни прашања од областа на бизнис опкружувањето и со цел да помогне за социо економскиот развој на регионот;
- Работи на унапредување на деловното опкружување и бизнис климата во СПР, стимулирање на поддршка на иновации во приватниот сектор во СПР, стимулирање и поддршка на претприемништво во СПР, поддршка на занаетчиство и традиционално производ како и со подршка на приватен сектор, и сите други стратешки цели наведени во Програмата за развој на Скопскиот плански регион, Регионалната Стратегија за иновации на Скопскиот плански регион, Комуникацискиот план за спроведување на програма за поддршка на бизнис секторот, Водич за инвестиции на Скопскиот плански регион и сите други организациски стратешки документи;
- Соработува со професорска и консултантската експертска фела како и соработка со универзитетите и другите високообразовни институции, за подобрување на образованието и стручната подготовка на кадрите и други партнери од индустријата и општеството вклучени во претприемачкиот процес и неговиот еко-систем;
- Работи на стимулирање и поддршка за мобилизација на ресурси преку информирање на бизнис заедницата за можностите на финансирање од различни извори и обезбедува информации и советодавни услуги на членовите на бизнис заедницата за прашања од заеднички интерес (работна сила, обуки, социо економска правна регулатива, заштита на животната средина, туризам, иновации, култура и културно наследство, и други истражувања на пазарот);
- Работи на поддршка и поттикнување на иновациска дејност кај микро, мали и средни, новооснovани претпријатија за забрзан технолошки развој кој се темели на трансфер на знаења, развојни истражувања и иновации кои придонесуваат за економски раст и развој, но и подобрување на деловната клима преку обезбедување дополнителни извори за финансирање, со цел да се изгради конкурентна економија основана на знаење, која ќе придонесе за создавање работни места и развој на иновативниот потенцијал на регионот;

- Работи на унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, како и изготвување на анализа за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар преку координирање на сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и МСП од областа на туризмот и угостителството со цел за унапредување и промоција на туризмот за иницирање и насочување меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка за промоција на туризмот;
- Соработува со организации и институции за културна промоција на регионот како и координира активности кои овозможуваат трансфер на знаења и информации, како и нивна имплементација во насока на подобрување на културната понуда на настани и активности карактеристични за Скопскиот регион пред домашните и странските посетители
- Изработува и одржува дата база на податоци за постоечкиот бизнис сектор во планскиот регион и генерира податоци за потребите од поддршка на бизнис ентитетите,одржување на веб страната.

## IV.НАЧИН И ФОРМИ НА РАКОВОДЕЊЕ СО ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТА

Член 12

Раководењето со Центарот, организационите единици, координацијата и синхронизацијата на работата се врши според следниве нивоа на раководна хиерархиска поставеност:

- Раководител на Центарот
- Раководител на Одделение

Член 13

Со работата на Центарот и администрацијата раководи Раководител на Центар за развој на Скопски плански регион.
Раководителот на Центарот врши работи и работни задачи утврдени со Закон и Одлуките за основање на Центар за развој на Скопски плански регион донесени од страна на Советите на Општините и Град Скопје.
Вработените за својата работа поединечно одговараат пред раководителот на Центарот за развој на скопски плански регион.

Член 14

Со Одделенијата раководи Раководител на одделенијата која ја координира и организира работата во рамки на одделенијата, се грижи за законитоста и ефикасноста во работењето, преземат мерки и одлучуваат за работи определени со актот за систематизација на работните места во Центар за развој на скопски плански регион и за кој се овластени од Раководителот на Центар за развој на скопски плански регион и е одговорен за работата во рамките на неговиот делокруг.
Во случај на отсуство или спреченост на раководителот со одделението раководи вработен во администрацијата кој ќе го определи Раководителот на Центар за развој на скопски плански регион.
Раководителот на одделението за својата работа одговара пред Раководителот на Центарот.

Член 15

Работата на Центарот се организира на начин со кој се обезбедува:

-законито, благовремено, ефикасно, рационално и стручно извршување на доверените работи и работни задачи на ниво на Центарот и на ниво на организиациони единици;
-сервисна ориентираност кон органите на државната управа, јавните служби, како и со трговски друштва, други организации, заедници, здруженија и други субјекти
-независност и одговорност при вршење на службените задачи, примена на современи методи и средства за работа во вршење на работите и задачите, и развој на стучните и другите работни способности на вработените;
-правилно распоредување на работите и задачите и следење на нивното извршување;
-развивање и унапредување на тимската работа;
-унифицираност на органиационите облици;
-остварување на меѓусебна соработка на организационите единици,
- Остварување на соработка со други Центри и институции;
-приспособливост на организационите облици на надлежноста на Центарот и кон потребите на сите субјекти:
-Едноставност во хиерархискатат поставеност на организационите облици;
-чување на службени тајни, без оглед на начинот на дознавањето на истата.

Член 16

Раководните лица во службите остваруваат меѓусебна соработка во вршењето на работите и работните задачи од својот делокруг.
Видот и степенот на соработка се утврдува во зависност од видот и кракатерот на одделните работи за чие вршење постои потреба од соработка.

Член 17

Работите и работните задачи од делокругот на Центарот се извршуваат според Програмата и Стратегијата за работа, а на која основа изготуваат годишен акционен план.
Со годишниот акционен план за работа се утврдува годишната активност на Центарот.

Член 18

За извршување на Акциониот план за работа, одделенијата водат евиденција и поднесуваат шестмесечни и годишни извештаи за работа до Раководителот на Центарот.
По потреба вработените може да изготвуваат и други периодични извештаи.

Член 19

За работата на Центарот се изработува Извештај на работењето кој се поднесува пред Советот за развој на Скопски плански регион.

Член 20

За вработувањето, правата и должностите, системот на плати и надоместоци на плати одговорноста, наградувањето и престанокот на работниот однос на вработените во администрација се применуваат одредбите од Законот за работни односи и другите пропис во согласност со тој Закон.

Член 21

Вработените во администрацијата ќе се распоредат во одделенијата утврдени со овој Правилник за внатрешна органиација со донесување на посебен Правилникот за систематизација на работните места на Центар за развој на Скопски плански регион.

Правилникот за систематизација на работните места на Центар за развој на скопски плански регион (пречистен текст со измена и дополна) ќе го донесе раководителот на Центарот во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој Правилник.

Член 22

Со влегување на сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за внатрешна организација на Центар за развој на Скопски плански регион бр.02-88/8 од 09.11.2011 година

Број _____-_____/_____
29.07.2020 година
Скопје

Претседател,
На Совет за развој на Скопски
Плански регион,
Борис Георгиевски

____________________
(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на скопски плански регион
СКОПЈЕ


СОВЕТ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
РАКОВОДИТЕЛ НА ЦЕТАРОТ
Одделение за општи и административни работи, финансии, јавни набавки и помошно технички работи
Одделение за меѓуопштинска соработка и рамномерен регионален развој
Одделение за имплементација на проекти и меѓунаронда соработка
Одделение за поддршка и соработка со бизнис заедницата, граѓански сектор и други